РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-346/3

06-09-2021 г./v.

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (,,Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава на непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 51-та седница одржана на ден 31.08.2021 година донесе

**Одлука**

Постапката по предметот број 12-2859 од 2019 година, оформен по анонимна пријава бр. 12-2859/1 од 28.05.2019 година, доставена од група сегашни и бивши вработени во ------------ ---------------- ------------, **СЕ ЗАПИРА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за натамошно постапување во предметот 12-2859 од 2019 година, во предметниот случај постапува друг надлежен орган.

Предметот со број 12-2859 од 2019 година, да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Предметот со број 12-2859 од 2019 година е оформен по пријава бр. 12-2859/1 од 28.05.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од непознат подносител - анонимна пријава од група сегашни и бивши вработени во ------------ --------------- ------------.

Во доставената пријава се изнесени наводи против лица вработени во ------------ --------------- -- ---------- за злоупотреба на службена должност, пречекорување на овластувањата и сторување на кривични дела при спроведувањето на тестовите за полагање на државната матура и местење на резултатите на учениците при тестирањето, а со цел остварување на лична корист.

Доставената пријава е насловена до повеќе институции и тоа до Јавен обвинител, МВР, Биро за јавна безбедност и ДКСК, со барање институциите да преземат итни мерки за запирање на предметните злоупотреби.

При разгледувањето на предметниот случај Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) ги зема во предвид сите предметни наводи и заради утврдување на целосната фактичка состојба за овој пријавен случај ДКСК достави барање за податоци и информации до друг орган. Од спроведената постапка за утврдување на фактичката состојба за предметниот случај, ДКСК го утврди следното:

-Во предметниот случај станува збор за сознанија дека лицето ------ --------, кое било вработено како информатичар во испитниот центар ја злоупотребувало својата службена позиција и вршело промена на тестот поточно на листата со одговори од ученици со нова листа со точни одговори при што го прилепувал бар-кодот на ученикот на нова листа, по однапред побарана интервенција за некое

дете. Во пријавата се наведува дека од страна на неколку поранешни директори на центарот бил направен обид за добивање на електронската верзија на базата каде се евидентирале податоците и бодовите од полагањето но никој не добил пристап до истата, а пристап имало само лицето – информатичар одобрен од фирмата „--------", што го потврдувало основот за сомневање за сторените злоупотреби, а за кои знаеле сегашниот директор и заменик директор и кои биле во координација во врска со списоците на ученици каде требало да се прави интервенвција.

- По барање на ДКСК, од Јавното обвинителство на Република Северна Македонија доставено е известување со кое се известува дека за предметниот пријавен случај постапило Основното јавно обвинителство Скопје, согласно закон и во рамките на своите законски овластувања и ингеренции. Имено, ОЈО Скопје постапувајќи по кривична пријава поднесена од сегашни и поранешни вработени во ------------ --------------- ------------, против ------ -----------, за злоупотреби при спроведувањето на постапката за полагање на државна матура, како и против -------- ------------- и ------ ---------- исто така заради направени злоупотреби, оформило предмет РО.бр.1270/19 и на 10.07.2019 година донело наредба до МВР СВР Скопје, Единица за економски и компјутерски криминал, да бидат извршени проверки во информатичкиот систем на ------------ --------------- ------------. По наредбата на обвинителството било постапено и било доставено известување од 07.02.2020 година, со обемен доказен материјал, по чие проучување ОЈО Скопје ќе донесе конечна јавнообвинителска одлука.

Врз основа на погоре утврдената фактичка состојба, ДКСК констатира дека по однос на предметните пријавени наводи се постапува од страна на друг орган кој е надлежен да постапува од областа - ОЈО Скопје, каде бил оформен предмет по пријава поднесена од истите подносители. Оттаму, ДКСК оцени дека нема елементи за натамошно постапување по овој предмет, постапката по истиот се запира, а предметот да се затвори и да се архивира.

Имајќи го предвид сето погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**

Доставено до :
- Архива

По заклучок на ДКСК
Изработил: Ј.Ц.
Одобрил : м-р В.Г., Член на ДКСК